До
Општина Битола
evgenija.cukaleva.ob@gmail.com
contact@bitola.gov.mk
emilija.ilievska.ob@gmail.com

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА 13. 05. 2025

| Примено: 13. 05. 2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 91/1 | | |

# Б А Р А Њ Е
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]
Адреса: [redacted]
Email: [redacted]
Тел.број [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

***СОС линија*** **(чл. 90 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство)**

1. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата С.О.С. линија за жени жртви на насилство и жртвите на семејно насилство во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)
2. Колку средства биле доделени на давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата С.О.С. линија за жени жртви на насилство и жртвите на семејно насилство во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)
3. Кои даватели на социјални услуги сте ги финансирале за обезбедување на услугата С.О.С. линија за жени жртви на насилство и жртвите на семејно насилство во 2022, 2023 и 2024 година? (да се наведе за секоја година одделно)
4. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за услугата СОС линија во 2026 и 2027 година?

***Услуга за советување*** **(чл. 91 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство)**

5. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата *советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство* во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)
6. Колку средства биле доделени на давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата *советување на жени жртви на родово-базирано*

*насилство, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство* во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)

7. Кои даватели на социјални услуги сте ги финансирале за обезбедување на услугата *советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство* во 2022, 2023 и 2024 година? (да се наведе за секоја година одделно)
8. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за услугата *советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство* во 2026 и 2027 година?

**Услуга за привремен престој (чл. 92 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство)**

9. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за давателите на социјални услуги за обезбедување на *услугата за привремен престој* во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)
10. Колку средства биле доделени на давателите на социјални услуги за обезбедување на *услугата за привремен престој* во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)
11. Кои даватели на социјални услуги сте ги финансирале за обезбедување на *услугата за привремен престој* во 2022, 2023 и 2024 година? (да се наведе за секоја година одделно)
12. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за *услугата за привремен престој* во 2026 и 2027 година?

***Бесплатна правна помош*** (чл. 97 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство)

13. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за здруженија на граѓани и/или правни клиники за обезбедување на *услугата бесплатна правна помош за жените жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство* во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)
14. Колку средства биле доделени на здруженија на граѓани и/или правни клиники за обезбедување на *услугата бесплатна правна помош за жените жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство* во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)
15. Кои здруженија на граѓани и правни клиники сте ги финансирале за обезбедување на *услугата за бесплатна правна помош* во 2022, 2023 и 2024 година? (да се наведе за секоја година одделно)
16. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за *бесплатна правна помош* во 2026 и 2027 година?

**Финансиска помош за жртви на родово базирано и семејно насилство**

17. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за финансиска помош на жртви на родово базирано и семејно насилство во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)
18. Колку финансиски средства биле доделени на жртви на родово базирано и семејно насилство во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)

19. Колкав е бројот на жртви на родово базирано и семејно насилство кои биле опфатени со овој тип на помош во 2022, 2023 и 2024? (да се наведат податоците поделени по година, и пол на жртва)
20. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за финансиска помош на жртви на родово базирано и семејно насилство 2026 и 2027 година?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија

**г) електронски запис**

- д) друго ________________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс

**г) е-маил**

- д) друго ________________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во _Скопје, 12 мај 2025 година .**

________________________________________
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

[redacted]

[redacted]

Почитувани,

Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство во рамките на проектот *„Институционализирање на квалитетни услуги за рехабилитација и реинтеграција за жени жртви на насилство"* поддржан од Австриската агенција за развој (АДА), спроведува истражување за цените на услугите поврзани со насилство врз жени и семејно насилство во Република Северна Македонија и Западен Балкан.

Истражувањето има за цел да креира и предложи конкретни препораки за буџетите на надлежните институции за реалните трошоци поврзани со обезбедувањето услуги за справување со насилство врз жени и семејно насилство, во согласност со Истанбулската конвенција. Истражувањето се спроведува во 6 земји од Западен Балкан, односно Албанија, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Косово и Северна Македонија. За секоја од земјите ќе се подготви засебен извештај согласно наодите и препораките од истражувањето, а дополнително ќе се подготви и извештај на ниво на Западен Балкан кој ќе ги содржи клучните наоди и препораки од сите 6 земји.

За потребите на истражувањето се ангажирани надворешни експертки/ истражувачки. Овој документ се користи од истражувачките во процесот на спроведување на истражувањето, како придружен документ на истражувачките алатки или други аспекти на истражувачкиот процес. Документот служи да потврди дека лицето кое го користи истиот е ангажирано од Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, и постапува за потребите на истражувањето.

Со почит,

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Координатор за еднакви можности

Бр.11-91/2
13.05.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-91/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

13.05.2025
Примил:

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 21. 05. 2025

| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| 11 | 91/3 | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

До

Лице за посредување при остварување на

слободен пристап до информации

од јавен карактер

Емилија Илиевска

Предмет : Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер од Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство

Почитувани,

***СОС линија*** **(чл. 90 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство)**

Во однос на првата тема, ве известуваме дека општина Битола нема СОС линија за пријавување на насилство и семејно насилство.

***Услуга за советување*** **(чл. 91 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство)**

Во 2022г. 1.000.000 денари, во 2023г. 1.000.000 денари и во 2024г. 1.000.000 денари. Сите средства се планирани за Женски центар за поддршка – Битола, советувалиште раководено од Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство.

Во декември 2022г. се доделени 1.000.000 денари за 2023г.

Во декември 2023г. се доделени 1.000.000 денари за 2024г. и,

Во декември 2024г. се доделени 1.000.000 денари за 2025г.

Сите средства се доделени на Женски центар за поддршка – Битола, советувалиште раководено од Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство.

За 2023, 2024 и 2025 година е финансирано советувалиштето на Националната мрежа – Женски центар за поддршка Битола.

**Услуга за привремен престој (чл. 92 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство)**

Во програмата за еднакви можности за 2024 год. беа одвоени 250 000 ден., а за 2025 год

100 000 ден. Минатата година не се искористија средствата, а 2025 до овој момент исто така не се искористени.

***Бесплатна правна помош*** **(чл. 97 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство)**

Општина Битола нема планирани средства во Буџетот за услугата Бесплатна правна помош.

**Финансиска помош за жртви на родово базирано и семејно насилство**

Во однос на средствата, општина Битола редовно од својот Буџет издвојува средста за еднократна социјална помош за граѓани кои се во социјален ризик но исто така и жртвите од семејно насилство имаат право на оваа услуга бидејќи спаѓаат во таа категорија.

Во поглед на идните проекции и планирања поврзани со Буџетот, може само да се потврди дека во идната програма за 2026 год. До Советот ќе биде предложена финансиската подршка и продолжување на соработката со Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, но сето ова трба да е одобрено и изгласано од страна на Советот.

Со почит,

Битола

19.05.2025

Координаторка за еднакви

можности

Викторија Христовска

ОПШТИНА БИТОЛА
**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-91/4
22.05.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на **08.05.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-91/2025** од **08.05.2025 година**, каде бара информација за СОС линија , услуга за советување, услуга за привремен престој, бесплатна правна помош, финансиска помош за жртви на родово базирано и семејно насилство.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted], поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број **бр.11-91/2025** од **08.05.2025 година**. Во барањето наведе дека бара информација за СОС линија , услуга за советување, услуга за привремен престој, бесплатна правна помош, финансиска помош за жртви на родово базирано и семејно насилство.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-91/1 од 08.05.2025
2.Допис до Координатор за еднакви можности со бр.11-91/2 од 13.05.2025
3.Одговор од Координатор за еднакви можности со бр.11-91/3 од 21.05.2025

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 22.05.2025 година, под бр. 11-91/4.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА